37541

ДЕВЕТГОДИШЕН ВАНДАЛИЗАМ ВО МЕСНОСТА ЈУРИЈА

# »Јуриш« врз уметноста!



ОСТАНА САМО ПЕПЕЛ. — ИЗГОРЕНОТО АТЕЛЈЕ НА ВАЈАРОТ БОРО КРСТЕВСКИ

**Во месноста Јурија на подрачјето на Месната заедница „Дексион“, (Ѓорче Петров II) се врши — терор врз уметноста! Објект на нападите е монтажната барака на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, во која се наоѓаат 14 ателјеа на истакната ликовни уметници, а сторителите се сè уште непознати...**

Така е веќе девет години (!), откако со одобрение на Општината Карпош на ова место се лоцира бараката, подарок од ПТТ, толку неопходна на ликовните уметници од градот. Но, тогаш почнаа и маките на уметниците, кои месното население очигледно, не ги пречека со раширени раце. Бараката, каде што настануваа вредни уметнички дела, почна да се уништува: се кршеа прозорци, брави, се крадеа салонитни плочи, палети, колори, па дури и делата што ги создаваа уметниците.

**● ПОЖАРОТ ПОСЛЕДНА ОПОМЕНА!**

Во тие терор-акции најмногу настрада ателјето на вајарот Боро Крстевски. Вели:

— Уништувањата почнаа одамна, а кулминираа во последниве две години. Во мај 1988, на пример, ми украдоа швајс-апарат а лани, во април, комплетен алат во вредност од тогашни девет милиони динари. Крадците сè уште не се откриени...

Но, она што се случи деновиве, ги пречекори сите граници. Во пожар, сосема изгоре дел од ателјето со површина од 18 квадратни метри. Уништени се материјали, машини и друг алат за обработка на камен, бројни цртежи, скулптури...

Пожарот (предизвикувачот — непознат) избувнал во попладневните часови и, благодарејќи на брзата интервенција н. соседите и пожарникарите, не се проширил на целата барака.

**● МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА НИШТО НЕ ЗНАЕ**

И покрај долгогодишното траење на овие „напади врз уметноста“ во „Дексион“, како што ни рекоа, ништо не знаат!?

— Откако сум јас овде, никој од уметниците не се обратил до месната заедница, барајќи преземање соодветни мерки за заштита. Ќе стапиме во контакт со ДЛУМ. Од наша страна, можеме да организираме состанок со населението и да им укажеме на неодржливоста на ваквата состојба — ни рече Мирко Николовски, секретар на МЗ „Дексион“.

А за таква средба, очигледно, постои потреба.

**Б. Ѓорѓевски**



8285